


# ЕДУКАЦИЈА НА МЛАДИТЕ КЛУЧНА ВО СПРАВУВАЊЕТО СО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Борбата за справување со климатските промени отсекогаш била иста како и сите борби низ историјата. Борба за демократија, за правда, за подобри работни услови, достоинствен живот, еднаквост, основни човекови права, право на информирање и учество во носењето одлуки и право на живот во чиста животна средина и безбедна клима.

> РЕГИОНОТ КАДЕ ЖИВЕЕМЕ ИМА МНОГУ КОНФЛИКТИ И СУДИРИ ЗАТОА ШТО Е РЕГИОН КАДЕ ЖИВЕАТ МНОГУ ДОМОРОДНИ ПЛЕМИЊА, НО ИСТО ТАКА И РЕГИОН КАДЕ ПОСТОЈАНО СЕ ГРАДАТ ПРИСТАНИШТА, ИНФРАСТРУТУРА, ГОЛЕМИ БРАНИ НА РЕКИТЕ. ОВОЈ РЕГИОН МОМЕНТАЛНО СТРАДА И ОД ДЕФОРЕСТАЦИЈА ПОРАДИ МОНКУЛТУРНО ОДГЛЕДУВАЊЕ НА СОЈА И ДОБИТОК ЗА ХРАНА. ЗА ДА СЕ СПРАВИМЕ СО СИТЕ ОВИЕ ПРЕДИЗВИЦИ САМИТЕ НИЕ ОРГАНИЗИРАМЕ РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ И ЗНАЕЊЕ, ВРШИМЕ МАРКАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И СЕ КОНСУЛТИРАМЕ ЗА ПРОЕКТИ ЗА ДА ОБЕЗБЕДИМЕ УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ЗА ЦЕЛИОТ РЕГИОН. НО НАШИТЕ ПРАВА СЕ ЗАГРОЗЕНИ. – ПРЕТСТАВНИЧКА НА МУНДУРУКУ НАРОДОТ ОД АМАЗОН

Ваквите борби низ историјата најчесто ги предводеле млади, добро информирани луѓе со долгорочна визија за подобро и поеднакво општество.

Утрово делегатите и претставниците на граѓанските организации на конференцијата за климатски промени се разбудија со фотографијата од младата активистка Грета Тунберг на насловната страна на магазинот „Time“ како личност на годината. Младата Тунберг започна движење кое резултираше со масовни мобилизации на младите ширум светот за климатска акција, но уште поважно, влијаеше на зголемувањето на заинтересираноста, свеста и едукација на младите за проблемите со животната средина и климата. Светот денес има млади луѓе со поголеми и пошироки познавања за овие теми од многу политичари.

Домородните племиња и жителите на малите островски земји се најранливи на последиците од климатските промени но нивниот глас е најтешко да биде слушнат. Благодарение на движењето за климатска правда, нивните гласови секогаш се слушнати.

Младите луѓе се креативни и иновативни кога станува збор за организирање на заедницата за решавање на овие проблеми. Само еден таков пример е „Plant for the Planet” движењето на млади луѓе кои засадуваат автохтони дрвја на локации во светот каде најоптимално ќе биде намалувањето на емисиите на $CO_2$ и тоа кога некој ќе си порача дрво со негово име преку веб страната и апликацијата со исто име на мобилен. Преку оваа апликација младите може и да се натпреваруваат во бројка на заседени дрвја но и да собираат финансии за организирање на слична активност во својата заедница.

Европската унија во моментов има соработка со многу компании и организации со цел креирање алатки за едукација на младите за обновливи извори на енергија и одржлив развој. Една таква алатка е онлајн соларната академија која нуди е-училници кои опфаќаат различна проблематика од оваа област.